НН: ЕДНИ ФИРМИ ШИЈАТ, ДРУГИ КЕШИРААТ

ПН: МВР со непосредна спогодба купила маички и ремени за 80.000 евра од „Линк Медиа Плус“ која ниту ги шие, ниту ги произведува

ПН: Маичките за „Линк Медиа Плус“ ги шиела компанијата „Супер хит,“ ремените ги произвела фирмата „Југомлаз-1 ДООЕЛ. Од МВР за оваа набавка велат дека била од крајна итност, затоа не распишале тендер. Но, за неполна година МВР склучило три бизниси со оваа компанија „тешки“ 195.000.

Александра Филиповска

Фирмата „Линк Медиа Плус“ позната по тоа што веќе една деценија се грижи за новогодишното украсување на Скопје, ги „шие“ и поло маиците за полицајците, „произведува“ и ремени (опасачи) за помладите полицајци, ги пере полициските возила... За неполна година Министерството за внатрешни работи (МВР) склучило три бизниси со оваа компанија „тешки“ речиси 200.000 евра. А еден, е склучен без јавен повик, туку со непосредна спогодба.



државни органи - јавен ред и безбедност

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:
Делови од основна униформа за припадници на полиција - помлад полицаец
II.2) Вид на договорот за јавна набавка: **Стоки - Купување**
Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: **Централен магацин на МВР Скопје**
II.3) Дали договорот е од опфатените дејности (секторски договор): **Не**
II.4) Дали постапката ќе ја спроведе Централно тело: **Не**
II.5) Групна набавка: **Не**
II.6) Поедетален опис на предметот на договорот за јавна набавка: **Делови од основна униформа за припадници на полиција - помлад полицаец за Дел 3 - маици „поло„ (1 200 парчиња) и Дел 7 - опасачи (1 200 пара)**
II.7) Заеднички поимник за јавни набавки **Не**
II.8) Дали предметот на набавката е делив: **Да**

Дел број	Опис на делот за набавка
3	Дел 3 - маици „поло„ (1 200 парчиња)
7	Дел 7 - опасачи (1 200 пара)

II.9) Рамковна спогодба: **Не**
II.10) Времетраење на договорот:
60 денови

ДЕЛ III: ПОСТАПКА


III.1) Вид на постапка: **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас**
Оправданост за изборот на постапката со преговарање без претходно објавување:
кога од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас
III.2) Меѓународна објава: **Не**
III.3) Критериум за доделување на договор: **Најниска цена**

МВР склучи бизниси со „Линк Медиа Плус“ тешки 195.000 евра

Министерството за внатрешни работи без јавен повик со непосредна спогодба за речиси 80.000 евра набавило маици и ремени (опасачи) за помладите полицајци преку фирмата „Линк Медиа Плус“ која ниту шие маици, ниту произведува ремени. Договорот со оваа фирма која и сега соработува со многу институции е склучен лани 2018-та година во април, кога МВР итно купила по 1.200 ремени и маици со кратки ракави со јаки од „Линк Медиа Плус“ и тоа

This project is funded
by the European Union

ремените за 66.000 евра, односно 55 евра за парче, а маиците за речиси 13.000 евра, што е близу 10,5 евра за парче. Маичките за „Линк Медиа Плус“ ги шиела компанијата „Супер хит,“ ремените ги произвела фирмата „Југомлаз-1 ДООЕЛ Борче“.



3. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорот ќе се потпише на вкупна вредност од 4.080.000,00 ден без ДДВ, со вклучен ддв изнесува 4.814.400,00 ден, ддв изнесува 734.400,00 ден, од кои за:

-дел 3 - Маици "ПОЛО" -660.000,00 денари без вклучен ддв, ддв изнесува 118.800,00ден, односно со вклучен ддв изнесува 778.800,00ден

- дел 7-Опасачи -3.420.000,00 денари без вклучен ддв, ддв изнесува 615.600,00ден, односно со вклучен ддв изнесува 4.035.600,00ден

Но, соработката не застанува тука. МВР во септември лани ја ангажирала „Линк Медиа Плус“ и за перење на полициските возила за две години, услуга која чини 38.000 евра. А годинава, не само маиците со јаки за помладите полицајци, туку „Линк Медиа Плус“ ќе „шие“ исти такви маици и за останатите полицајци од редовниот состав. Податоците на Бирото за јавни набавки покажуваат дека фирмата во март годинава го добила и тендерот за изработка на 7.000 маици со кратки ракави за полицијата. МВР за овој ангажман на „Линк Медиа Плус“ за 6.300 машки и 700 женски маици со кратки ракави ќе и плати близу 77.000 евра, или речиси 11 евра по маица.

This project is funded
by the European Union

Фотографија на маица со кратки ракави со јака


Преден дел



Заден дел



Ознаки на мерки:



18-114/2018	Министерство за внатрешни работи на РМ	Маици со кратки ракави со јака за припадници на полицијата	Донесена е Одлука за избор на најповолна понуда Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е избран за најповолен понудувач.	Отворена постапка	15.02.2019

МВР:Набавката на маиците беше од крајна итност

Ако двата договори се склучени по објавен оглас, првиот - тој за маиците со јаки и опасачите за помладите полицајци, вреден 80.000 евра е без јавен повик, туку со непосредна спогодба. Образложението од МВР е дека станувало збор за итна набавка.

This project is funded
by the European Union

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. ДОГОВОРЕН ОРГАН: **Министерство за внатрешни работи на Република Македонија**, тел 328 33 42, факс 314 23 42, ЕДБ 4030990270610, застапувано по овластување од Министерот на внатрешни работи, од Државниот советник Живко Темелкоски (во понатамошниот текст – договорен орган), и

2. НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: Линк Медиа Плус Дооел Скопје, ул.Народен Фронт 5/4-5, тел02/3110-180, факс 02/3120-544, е-маил-linkmedia@t.mk, ЕДБ МК 4030005565422, матичен број 6037801, жиро сметка 210-0603780101-38 НЛБ банка, претставувано од одговорно лице Вуков Ѓорѓи (во понатамошниот текст – продавач)

Член 1

Овој договор се склучува по спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас од причини од крајна итност за доделување на договор за набавка на стоки - Делови од основна униформа за припадници на полиција – помлад полицаец, согласно спецификации доставени и одобрени од страна на Министерот за внатрешни работи и врз основа на Одлука за избор и поништување на делови од постапка бр.18.1-31781/1 од 16.04.2018 година, донесена во наведената постапка.

1.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој договор е испорака на Делови од основна униформа за припадници на полиција – помлад полицаец, од страна на носителот на набавката за потребите на договорниот орган, кои одговараат по вид и количина на техничката спецификација по спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, утврдување на висината на цените, утврдување на начинот, рокот и местото за испорака, начинот и рокот на плаќање и друго, согласно одредбите од договорот.

Токму таквите итни набавки, склучени со преговарање во четири очи ја наметнуваат дилемата во јавноста која е економската логика и колку рационално се трошат парите на граѓаните и дали при „јавен“ натпревар меѓу повеќе фирми може да се постигне пониска цена?!

Според експертите, кога има подизведувачи цената најчесто е повисока за да остане дел од колачот и за фирмата-посредник која ја добила набавката и за производителот.

„**Секако дека при јавните набавки треба да се води сметка за ефикасно и економично трошење на државните пари. Поефикасно значи дека целта е да се добие квалитет за пониска цена. Нормално дека кога директно се набавува од фирма производител секогаш е поекономично, порационално и поевтино, отколку кога набавката оди преку посредник, бидејќи со тоа се зголемува и цената на производот**“- вели Вања Михајловска, поранешен член на Антикорупциската комисија.

Од МВР велат дека набавката на маиците и на ремените морала да биде итна бидејќи тие предвреме не знаеле колку помлади полицајци ќе завршат со обуката, ниту кои се нивните конфекциски броеви за униформите, а време им одзела и изработката на новиот Правилник за униформи. На прашањето како ја поканиле токму „Линк Медиа Плус“ да достави понуда кога не е производител, од МВР велат дека доставиле покани до 15 оператори, односно до фирми кои претходно најчесто ги добивале ваквите тендери.

This project is funded by the European Union

- Правното лице „Линк Медиа Плус“ во МВР во тек на 2018 година е избрано како најповолен понудувач за набавката на услуги за перење возила за период од 2 години и во постапка од крајна итност за набавка на униформи за помлади полицајци. Постапката за набавка на униформа за помлади полицајци се спроведуваше согласно закон со преговарање без претходно објавување на оглас, од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст. Не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување оглас. Договорот не е склучен со непосредна спогодба, туку по доставените покани до 15 економски оператори, понуди доставија три понудувачи за делот 3 од набавката - маици и два понудувачи за делот 7 - опасачи. По спроведените преговори, а не со непосредна спогодба, беше склучен договор со понудувачот кој поднесе најниска конечна цена.

1. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

Договорен орган: **Министерство за внатрешни работи на Република Македонија**, тел 328 33 42, факс 314 23 42 претставувано, по овластување од Министерот, од Помошник министер, [redacted] (во понатамошниот текст –договорен орган) и

Носител на набавка: **Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, ул.Народен Фронт бр. 5/4-5 Скопје, тел/факс 02/3110-180, е-маил: linkmedia@t.mk , ЕДБ МК 4030005565422, матичен број 6037801 жиро сметка 210060378010138 НЛБ Банка А.Д Скопје, претставувано од одговорно лице [redacted] (во понатамошниот текст –носител на набавката)

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

Член 1.

Оваа рамковна спогодба се склучува по спроведена отворена постапка по оглас бр.18-26/3/2018 за јавна набавка на услуги за Перење на возила за дел 2 Централното градско подрачје или нејзините поблиски граници , по спецификација и врз основа на Одлука за избор и поништување на делови од постапка за склучување на рамковна спогодба бр.18.1-67171/1 од 23.08.2018 година, донесена во наведената постапка.

Оваа рамковна спогодба не претставува непосредна обврска на договорниот орган за целосно реализирање на истата. Обврската настанува кога ќе се склучи поединечен договор за јавна набавка доделен врз основа на оваа рамковна спогодба.


Подизведувач за маиците е „Супер хит“ од Радовиш, а за опасачите е „Југомлаз-1 ДООЕЛ Борче“ од Скопје - одговорија од МВР.

Илјадници евра ќар од препродавање

Сопственикот на „Супер хит“, не сакаше да ни ги открие цените на маичките што ги сошиле за „Линк Медиа Плус“ бидејќи биле деловна тајна. Затоа се јавивме во две текстилни компании кои што шијат вакви маици. Цената што тие ја понудија беше 5 и 6 евра за парче со највисок квалитет и вклучени ознаки на маиците по наша желба. Само за споредба - МВР со првиот

This project is funded by the European Union

тендер со непосредна спогодба за 1.200 помлади полицајци ги платило 10,5 евра за парче, а со најновата набавка за 7.000 полицајци, во просек по 11 евра по маичка.



9/2019
1505 19

СКОПЈЕ 20__год. / 7

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки

примероци: 6

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Оддел за општи и заеднички работи, ул. „Димче Мирчев" бр. 9, Скопје; ЕДБ: 4030990270610; МБ: 4065999, тел: 02/314 3304, факс: 02/314 3342, електронска пошта javni.nabavki@moi.gov.mk, претставувано, по овластување од Министерот за внатрешни работи, од помошникот министер, Живко Темелкоски (во понатамошен текст - Договорен орган) од една страна

и

"**Линк Медиа Плус Дооел** Ул. Народен Фронт БР.5/4-5 Скопје , тел. 02 3 110 180, фах. 02 3 120 544, е-пошта linkmedia@ t.mk ЕДБ МК 4030005565422 Матичен број 6037801, ТРС 210060378010138 NLB Тутунска банка - Скопје , претставувано од одговорно лице Ѓорѓи Вуков (во понатамошниот текст – Носител на набавката)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на Маици со кратки ракави со јака за припадници на полиција од отворената постапка со број 18-114/2018.

Наведените стоки мора во целост да бидат согласно доставената понуда на носителот на набавката, по оглас за доделување на договор за јавна набавка со број 18-114/2018.

Конечната понуда, техничката понуда и сертификатите од мострата се составен дел на овој договор.

Се јавивме и во фирмата што ги произвела ремените, „Југомлаз-1 ДООЕЛ Борче“ од Скопје за да ни кажат колку чини производството на ремените за полицајците. Сопственикот објасни дека тоа не биле обични ремени туку имале дополнителни 8 делови, футроли за пиштол, за лисици, пендрек, батериска ламба и други делови. Неговата цена за ист таков ремен што ни ја понуди доколку сакаме да купиме рече дека е околу 40 до 45 евра за парче. Додека, МВР ги платило по 55 евра за парче.

This project is funded
by the European Union

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик и неговото кирилично писмо.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Цените на договорот се согласно конечната понуда:

1	2	3	4	5	6
Назив	Единица мерка	Количина	Единечна цена без ДДВ	Вкупна цена без ДДВ (3*4)	ДДВ
Маици со кратки ракави - машки	парче	6.300	572,00	3.603.600,00	648.648,00
Маици со кратки ракави - женски	парче	700	572,00	400.400,00	72.072,00
Вкупна цена на листата без ДДВ				4.004.000,00	720.720,00
Со зборови: единаесетмилиониосумсотинидваесетилјадиденари					

Според информациите од МВР, понудата на втората фирма што се јавила за производство на ремените, „Форес“ од Скопје била за 2 евра повисока од таа на „Линк Медиа Плус“, а за маичките втората фирма што се јавила, „Дона М“ понудила вкупна цена што била за 585 евра повисока од таа на „Линк Медиа Плус“. Затоа изборот паднал токму на „Линк Медиа Плус“. Од компаниите кои не ја добиле набавката не сака да коментираат ништо околу изборот.

Од МВР пак велат дека праксата покажува дека и кога за вакви набавки се јавувале и фирми производители, се случувало нивните цени да бидат повисоки од тие на фирмите-трговци. Како и зошто - и тие не знаат.

Вуков: Законот ми дозволува да имам подизведувачи на тендери

Инаку набавката на маиците и ремените е дел од набавката на целосни униформи на помладите полицајци вредна 227.000 евра. Таа е предвидена во планот за набавки на МВР за 2018 година, а во буџетот на полицијата се проектирани и парите што се планирани за трошење. А униформите на полицајците беа јавно промовирани во ноември лани. - Со цел да се задоволат итните потреби од основна униформа на 1.200 нововработени припадници на полицијата, кои поради недостиг на униформа ја користат работната униформа од обуките, во итна постапка се набавени по 1.200 маици со кратки ракави, кошули, кратки јакни, вратоврски и во секој момент се чека испорака на чевли и ремени. Вредноста на оваа набавка изнесува 14 милиони денари (227 илјади евра) со ДДВ - изјавија од МВР во август 2018 година.

This project is funded by the European Union
EU for YOU

Сопственикот пак на „Линк Медиа Плус“, Ѓорѓи Вуков во телефонски разговор вели дека нема ништо спорно во тендерите што ги добива, а законот му дозволува да има и подизведувачи. - Да не треба да ја затворам фирмата? Имам вработени, деца, семејство, плаќам даноци. Правам тоа што ми дозволува законот, а тој ми дозволува да имам подизведувачи. Пералната за возила е моја, има 14 вработени и е единствената перална што плаќа данок и издава фискални сметки - одговори кусо Вуков и потенцираше дека не сака да одговара на нашите дополнителни прашања. Пред да заврши со разговорот ни порача:

-Ќе видам што ќе објавите па ќе демантирам или тужам.

„Линк Медиа Плус“ е одамна позната во јавноста по новогодишното украсување на голем дел од општините во земјава во изминативе години.

66/2016	Општина Кисела Вода	Новогодишно украсување и декорирање на локации на територијата на Општина Кисела Вода	Услуги	Отворена постапка	15.11.2016	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	1.694.916,25ден.	1.996.560,00ден.	02.02.2017	Прикажи
2-13/2016	ЈП Куманово-паркинг Куманово	Набавка на услуги за новогодишно украсување на територија на Општина Куманово	Услуги	Отворена постапка	16.12.2016	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	1.466.100,00ден.	1.722.800,00ден.	31.01.2017	Прикажи
48/2016	Радовиш - орган на општината	Монтажа и демонтажа на изнајмена декоративна опрема за Новогодишно и Божиќно украсување за 2017г. во Општина Радовиш	Услуги	Отворена постапка	30.11.2016	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	1.266.000,00ден.	1.476.000,00ден.	26.12.2016	Прикажи
268/2016	Општина Карпош	Реконструкција и санација на спортски терен – Сокол	Работи	Отворена постапка	26.10.2016	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	4.200.000,00ден.	4.814.563,00ден.	19.12.2016	Прикажи
266/2016	Општина Карпош	Новогодишно украсување на јавни површини и огномет на територија на Општина Карпош	Услуги	Отворена постапка	14.10.2016	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	5.508.474,00ден.	6.249.917,00ден.	19.12.2016	Прикажи
42/2016	Општина Струмица	набавка на услуги за реализација на проект за новогодишно украсување и декорирање на локации на територијата на Општина Струмица	Услуги	Отворена постапка	01.12.2016	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	2.118.644,00ден.	2.499.240,00ден.	16.12.2016	Прикажи
05-80/4/2016	Општина Ѓорче Петров	Празнично Новогодишно украсување (осветлување) на територија на Општина Ѓорче Петров	Услуги	Отворена постапка	30.11.2016	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	1.694.000,00ден.	1.159.121,00ден.	16.12.2016	Прикажи

Соработката продолжи и со актуелната власт, која жестоко ја напаѓаше оваа фирма додека беше во опозиција, особено за зделките во МВР кои надминуваа стотици илјади евра. Пред една деценија, во 2009 година, МВР и тогашната министерка Гордана Јанкуловска беа прозвани од тогашните пратеници од опозицијата, а сега власт, за зделките со „Линк Медиа Плус“ кои надминуваа милион евра. МВР тогаш набавуваше панцири, маици, ознаки за полицијата, а само за панцирите што ги произведе бугарската фирма „Марс Армор“, МВР и плати 700.000 евра.

(ЛИНК: ТАБЕЛА СО ДОГОВОРИ-ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ)

This project is funded
by the European Union

ТАБЕЛА ЗА ДОГОВОРИ СО ЛИНК МЕДИА 2014 2015 2016 2017 2018

Ред. бр.	План за ЈН (чл.26.)			Одлука за ЈН				Доделување на договор за ЈН					
	Предмет /вид на	Проценета вредност	Вид на постапка	Предмет/ вид на ЈН	Вредност на ЈН	Извор на средства	Начин и постапка	Вид на постапка	Предмет и на договорот за ЈН	Број и датум на	Вид на договор	Назив на носителот на	Вредност на
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
1	работи	9.250.000	отворена постапка	Хортикултурно уредување на жардиниерите од двете страни на булеварот "Партизански одреди", на потегот од мостот "Обединети нации" до ул. "Франклин Рузвелт" и на Кружниот тек кај средното училиште Георги Димитров (пролетно и есенско садење – 2014 година)	9.250.000	Буџет на ЕЛ	отворена постапка	отворена постапка	Хортикултурно уредување на жардиниерите од двете страни на булеварот "Партизански одреди", на потегот од мостот "Обединети нации" до ул. "Франклин Рузвелт" и на Кружниот тек кај средното училиште Георги Димитров (пролетно и есенско садење – 2014 година)	03-1035/19-19.03.2014	работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	7.650.922
2	работи	1.000.000	БПП	Обнова на цветниот расад на плато Карпош 3 (пролетно и есенско садење) – 2014 година	1.000.000	Буџет на ЕЛС	БПП	БПП	Обнова на цветниот расад на плато Карпош 3 (пролетно и есенско садење) – 2014 година	03-3427/18-01.08.2014	работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	506,040
3	стоки	1.000.000	БПП	Одржување на систем за полевање на територија на Општина Карпош – 2014 година	1.000.000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Одржување на систем за полевање на територија на Општина Карпош – 2014 година	03-5543/20-20.10.2014	стоки	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	847,457
4	стоки	354	БПП	Украсни балони за манифестации под покровителство на Општина Карпош	354	Буџет на ЕЛС	БПП	БПП	Украсни балони за манифестации под покровителство на Општина Карпош	03-6629/12-20.10.2014	стоки	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	300,000
5	услуги	9.000.000,00	отворена постапка	Изработка и реализација на украсување и декорирање на дел од улиците на територија на Општина Карпош и организирање на огномет	9.000.000,0	Буџет на ЕЛ	отворена постапка	отворена постапка	Изработка и реализација на украсување и декорирање на дел од улиците на територија на Општина Карпош и организирање на огномет	03-6838/22 11.12.2014	услуги	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	6.844.000 Дел 2 - поништен
6	Стоки	1,000,000	Барање за прибирање на понуди	Одржување на автоматските системи за наводнување на територија на Општина Карпош	1,000,000	Буџет на ЕЛ	Барање за прибирање на понуди	Барање за прибирање на понуди	Одржување на автоматските системи за наводнување на територија на Општина Карпош	03-1983/40 15.10.2016	Стоки	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	847,222
7	Работи	350,000	Барање за прибирање на понуди	Обнова на цветен расад на Кружниот тек помеѓу ул. "Париска" и ул. "Варшавска" (пролетно и есенско садење 2015 година) Општина Карпош	350,000	Буџет на ЕЛС	Барање за прибирање на понуди	БПП	Обнова на цветен расад на Кружниот тек помеѓу ул. "Париска" и ул. "Варшавска" (пролетно и есенско садење 2015 година) Општина Карпош	03-1203/12 02.03.2015	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	282,750
8	Работи	9,000,000	Отворена постапка	Обнова на цветниот расад на жардиниерите на бул. Партизански Одреди од ул. Рузвелтова до мостот Обединети нации (пролетно и есенско садење – 2015 година)	9,000,000	Буџет на ЕЛС	Отворена постапка	БПП	Обнова на цветниот расад на жардиниерите на бул. Партизански Одреди од ул. Рузвелтова до мостот Обединети нации (пролетно и есенско садење – 2015 година)	03-1200/28 20.04.2016	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	7,209,600
9	Работи	1,000,000	Барање за прибирање на понуди	Обнова на цветниот расад на плоштад Делфина, У.З. Влае 2 (пролетно и есенско садење – 2015 година)	1,000,000	Буџет на ЕЛС	Барање за прибирање на понуди	БПП	Обнова на цветниот расад на плоштад Делфина, У.З. Влае 2 (пролетно и есенско садење – 2015 година)	03-1201/26 16.04.2015	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	827,500
10	Работи	300,000	Барање за прибирање на понуди	Хортикултурно уредување на зелена површина помеѓу паркинг простор на бул. „Партизански Одреди" бр. 106 и бул. „Партизански Одреди",	300,000	Буџет на ЕЛС	Барање за прибирање на понуди	отворена постапка	Хортикултурно уредување на зелена површина помеѓу паркинг простор на бул. „Партизански Одреди" бр. 106 и бул. „Партизански Одреди", У.З. Карпош 3	03-6026/12 07.09.2015	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	249,024
11	Работи	354,000	Барање за прибирање на понуди	Обнова на цветен расад на Кружен тек помеѓу ул."Париска" ул.""Варшавска" (пролетно и есенско садење - 2016 година), Општина Карпош	354,000	Буџет на ЕЛС	Барање за прибирање на понуди	Барање за прибирање на понуди	Обнова на цветен расад на Кружен тек помеѓу ул."Париска" ул.""Варшавска" (пролетно и есенско садење - 2016 година), Општина Карпош	03-127/5 27.01.2016	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	300,000
12	стоки	200,000	БПП	Садници за озеленување на урбана заедница Карпош 3	200,000	Буџет на ЕЛС	БПП	БПП	Садници за озеленување на урбана заедница Карпош 3	03-2889/12 22.04.2016	стоки	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	169,000
13	Услуги	6,500,000	Отворена постапка	Новогодишно украсување на територија на ОК	6,500,000	Буџет на ЕЛ	Отворена постапка	Отворена постапка	Новогодишно украсување на територија на ОК	03-7931/13 од 14.10.2016 г.	Услуги	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	5,296,539
14	Работи	800,000	БПП	Обнова на цветен расад на плоштад Делфина	800,000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Обнова на цветен расад на плоштад Делфина	03-58/12 од 22.04.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	399,174
15	Работи	450,000	БПП	Обнова на цветниот расад на плато Карпош 3	450,000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Обнова на цветниот расад на плато Карпош 3	03-518/12 од 25.02.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	376,791
16	Работи	350,000	БПП	Хортикултурно уредување на сквер Ждanец	350,000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Хортикултурно уредување на сквер Ждanец	03-902/12 од 25.02.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	296,600
17	Работи	200,000	БПП	Хортикултурно уредување на сквер Трнодол	200,000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Хортикултурно уредување на сквер Трнодол	03-2861/13 од 04.05.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	169,250
18	Работи	13,700,000	Отворена постапка	Реконструкција на тротоари на ул. Франце Прешерн	13700 000	Буџет на ЕЛ	Отворена постапка	Отворена постапка	Реконструкција на тротоари на ул. Франце Прешерн	03-3313/16 од 24.06.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	10,780,733
19	Работи	2,600,000	БПП	Хортикултурно уредување на плоштад Карпош 4 и автомат. Полевање	2,600,000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Хортикултурно уредување на плоштад Карпош 4 и автомат. Полевање	03-2204/22 од 30.05.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	2,180,730
20	Работи	5,200,000	Отворена постапка	Хортикултурно уредување на плоштад Пеце Божиновски Кочо	5,200,000	Буџет на ЕЛ	Отворена постапка	Отворена постапка	Хортикултурно уредување на плоштад Пеце Божиновски Кочо	03-2203/23 од 30.05.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	3,735,490
21	Работи	7,000,000	Отворена постапка	Урбана опрема на плоштад ПБК	7,000,000	Буџет на ЕЛ	Отворена постапка	Отворена постапка	Урбана опрема на плоштад ПБК	03-3667/13 од 02.06.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	2,894,056
22	Работи	7,500,000	Отворена постапка	Обнова на цветен расад Партизански Одреди	7,500,000	Буџет на ЕЛ	Отворена постапка	Отворена постапка	Обнова на цветен расад Партизански Одреди	03-7041/19 од 07.12.2016	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	6,291,450
23	Работи	400,000	БПП	Обнова на цветен расад на плоштад Карпош 3 (пролетно и есенско сад.)	400,000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Обнова на цветен расад на плоштад Карпош 3 (пролетно и есенско сад.)	03-7039/10 од30.09.2016	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	338,800
24	Работи	660,000	БПП	Обнова на цветен расад на плоштад Делфина (пролетно и есенско сад.)	660,000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Обнова на цветен расад на плоштад Делфина (пролетно и есенско сад.)	03-7042/11 од 28.09.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	559,000
25	Работи	253,000	БПП	Обнова на цветен расад на плоштад Бардовци	253,000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Обнова на цветен расад на плоштад Бардовци	03-7044/13 од 17.10.2016 г	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	211,860
26	Работи	4,956,000	Отворена постапка	Реконструкција и санација на спортски терен Сокол	4,956,000	Буџет на ЕЛ	Отворена постапка	Отворена постапка	Реконструкција и санација на спортски терен Сокол	03-7983/14 од 26.10.2016 г.	Работи	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	4,080,138
27	Стоки	350,000	БПП	Одржување на автоматските системи за полевање на јавните зелени површини	350,000	Буџет на ЕЛ	БПП	БПП	Одржување на автоматските системи за полевање на јавните зелени површини	03-7056/13 од 04.10.2018	Стоки	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	350,000 Договор потпишан од Стефан Богоев

This project is funded by the European Union

EU for YOU

За една година бизниси со државата од 600.000 евра

Податоците на Бирото за јавни набавки покажуваат дека компанијата „Линк Медиа Плус“ често соработува со институциите. За две години, во 2017 и 2018 година, откако на власт е новата влада, државата и доделила зделки со вкупна вредност од близу милион евра. А вкупната сума на зделките со институциите откако постои „Линк медиа Плус“ е тешко да се утврди затоа што има склучено стотици договори со низа централни и локални институции и тоа од набавки за формациска опрема за полицијата до садење цвеќе на булеварите. И по промената на власта „Линк Медиа Плус“ добива општински тендери за новогодишно украсување. А покрај возилата на МВР, ги мие службените возила на Управата за финансиска полиција, Агенцијата за цивилно воздухопловство, набавува ХТЗ облека за Службата за општи и заеднички работи на Владата, одржува системи за наводнување, набавува дури и душеци за болницата во Прилеп. Во голем дел од тендерите неретко таа е единствен понудувач.

48/2018	Општина Струмица	Реализација на проект за новогодишно украсување и декорирање на локации на територијата на Општина Струмица.	Услуги	Отворена постапка	04.12.2018	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	2.118.644,00ден.	2.499.240,00ден.	19.12.2018	Прикажи
160/2018	Град Скопје	Изработка и реализација на проект за украсување и декорирање на градот по повод Новата 2019 година	Услуги	Отворена постапка	23.11.2018	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	13.669.322,04ден.	16.989.000,00ден.	28.11.2018	Прикажи
18-26/3/2018	Министерство за внатрешни работи на РМ	Перење на возила за период од 2 (две) години	Услуги	Отворена постапка	17.09.2018	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	4.000.000,00ден.	2.360.000,00ден.	26.09.2018	Прикажи
	Министерство за внатрешни работи на РМ	Делови од основна униформа за припадници на полиција - помлад полицаец	Стоки	Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас	18.04.2018	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	5.097.600,00ден.	4.814.400,00ден.	26.06.2018	Прикажи
3/2018	Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија	Облека ХТЗ	Стоки	Отворена постапка	29.03.2018	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	2.500.000,00ден.	2.344.070,00ден.	17.04.2018	Прикажи
38/2017	Општина Струмица	Набавка на услуги за реализација на проект за новогодишно украсување и декорирање на локации на територијата на Општина Струмица.	Услуги	Отворена постапка	07.12.2017	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	2.118.644,00ден.	2.499.240,00ден.	26.01.2018	Прикажи
2-13/2017	ЈП Куманово-паркинг Куманово	Набавка на услуги за новогодишно украсување на територија на Општина Куманово	Услуги	Отворена постапка	14.12.2017	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје	1.466.102,00ден.	1.722.900,00ден.	22.01.2018	Прикажи
96/2017	Град Скопје	Изработка и реализација на проект за украсување и декорирање на градот	Услуги	Отворена постапка	13.12.2017	Друштво за производство, трговија и услуги ЛИНК МЕДИА ПЛУС ДООЕЛ увоз-	10.169.491,00ден.	11.999.999,38ден.	16.12.2017	Прикажи

Истражувањето покажа дека оваа фирма лани, меѓу другите, пак ги доби тендерите за украсување и на Град Скопје и Општина Струмица од речиси 300.000 евра што е половина од вкупната сума за украсување што ја потрошија сите општини. Лани за новогодишно украсување, Град Скопје плати 260.000 евра, за 65.000 евра повеќе од претходната година. „Линк Медиа Плус“ беше единствен понудувач и немаше со кого да наддава, а градската власт зголемените трошоци ги оправда со тоа што за разлика од претходно, сега огнометот и уште два дополнителни булевари влегле во набавката.

Со овој договор е предвидено новогодишно украсување на поголем број на јавни површини и булевари во централното градско подрачје, поставување на централната елка, како и огномет за новогодишната прослава. Причината поради што оваа година набавката имаше повисока цена е што за разлика од минатите години, обемот на украсување е поголем со дополнителни

This project is funded
by the European Union

неколку булевари, а со овој договор е регулиран и огнометот кој во минатото се реализирал со посебна набавка. Фирмата „Линк Медиа Плус“ редовно ја врши оваа услуга во Град Скопје од 2009 година наваму, а во 2014 година тоа го прави заедно со фирмата „Лутарико“ (заедно настапуваат на јавната набавка) - одговорија од Град Скопје. Други детали за набавката не откриваат. Само дека во тендерот за предминатата година кој тежеше 195.000 евра не е влезен огнометот, кој сега чинел дополнителни над 10.000 евра. Тоа би значело дека за огнометот и два дополнителни булевари, Град Скопје и платил на „Линк Медиа Плус“ 55.000 евра, сума која е далеку повисока од украсување на цела општина, како на пример, Струмица.

Оглас бр.85/2013 Носител на набавката – Линк Медиа Плус Скопје Вредност на договорот: 1.394.760,00 денари со ДДВ Има само еден понудувач.
Оглас бр. 51/2014 Носител на набавката – Линк Медиа Плус – Скопје Вредност на договорот : 1.994.200,00 денари со ДДВ Согласно чл.36а став 9 од Законот за Јавни набавки направено е анализа и истражување на пазарот, опфатени 12 економски оператори кои можат да одговорат на предметната набавка. Испратено известување до сите нив за објавен оглас. Има само еден понудувач.
Оглас бр.51/2015 Носител на набавката – Линк Медиа Плус – Скопје Вредност на договорот 2.229.820,00 денари со ДДВ. Согласно чл. 36а став 9 од Законот за Јавни набавки направено е анализа и истражување на пазарот, опфатени 12 економски оператори кои можат да одговорат на предметната набавка. Испратено известување до сите нив за објавен оглас. Има само еден понудувач.
Оглас бр. 42/2016 Носител на набавката – Линк Медиа Плус – Скопје Вредност на договорот 2.499.240,00 денари со ДДВ. Согласно чл.36а став 9 од Законот за Јавни набавки направено е анализа и истражување на пазарот, опфатени 12 економски оператори кои можат да одговорат на предметната набавка. Испратено известување до сите нив за објавен оглас. Има само еден понудувач.
Оглас бр. 38/2017

This project is funded
by the European Union

Носител на набавката – Линк Медиа Плус – Скопје Вредност на договорот 2.499.240,00 денари со ДДВ. Согласно чл.36а став 9 од Законот за Јавни набавки направено е анализа и истражување на пазарот, опфатени 12 економски оператори кои можат да одговорат на предметната набавка. Испратено известување до сите нив за објавен оглас. Има само еден понудувач.
Оглас бр.48/2018 Носител на набавката – Линк Медиа Плус – Скопје Вредност на договорот 2.499.240,00 денари со ДДВ. Со измените на Законот за јавни набавки во ноември 2017, член 36 а став 9 од истиот е укинат, согласно тоа договорниот орган нема обврска за истражување на пазарот и известување на економските оператори. По објавувањето на огласот има само еден понудувач.

Од Општина Струмица потврдуваат дека во последните 6 години новогодишното украсување на градот припаѓа на „Линк Медиа Плус“. Од 2013 до 2018 година од Општината за китење, светилки и лампиони на фирмата и исплатиле вкупно 210.000 евра. Воочливо е дека таа набавка во 2013 година чинела 22.600 евра, а во последните три години сумата се удвоила и во сите три години изнесува речиси 40.000 евра. Иако во 2013 „Линк Медиа Плус“ била единствен понудувач на распишан тендер, во сите наредни години се одело со непосредна спогодба без јавна набавка, каде од повеќе испратени покани на економски оператори се јавувала само една - „Линк Медиа Плус“, која и била избирана. Од Општина Струмица велат дека сите јавни набавки се спроведени во постапка во согласност со Законот, објавени на ЕСЈН во транспарентна постапка.

Милионски зделки за лампиони

Освен за Струмица и за Град Скопје, „Линк Медиа Плус“ во изминатите години работеше на новогодишно украсување на плоштадите во Радовиш, Валандово, Крива Паланка, Куманово, Кавадарци, Гевгелија, Чаир, Кисела Вода, Ѓорче Петров, Центар, Гази Баба, како и ГТЦ. За овој бизнис, на сметката на „Линк Медиа Плус“ се слеале илјадници евра.

Само скопјани за новогодишно украсување на метрополата од 2009 година досега “искеширале” над 1,5 милион евра. Општината Карпош од 2011 до 2014 година платила 350.000 евра за украсување, а Гази Баба за истиот период платила 95.000 евра. Илјадници евра легнувале на сметката на „Линк Медиа Плус“ и од другите помали општини. Од Општина Карпош, пак, велат дека за време на досегашниот мандат на градоначалникот Стефан Богоев, фирмата добила само еден тендер, лани во октомври, за мала набавка во

This project is funded
by the European Union

вредност од 350.000 денари, одржување на автоматските системи за полевање на јавните зелени површини, при што на јавното наддавање учествувала само таа. Но, бизнисот со општината „цветал“ во времето на претходниот градоначалник Стевчо Јакимовски.
- Во изминатите години биле склучени повеќе договори меѓу Општина Карпош и „Линк Медиа Плус“. Во 2014 година биле склучени пет договори, во 2015 година три договори, а во 2016 година биле склучени 18 договори - велат од Општина Карпош.

Карпошевци платиле 418.000 евра за зеленило на градски булевар

Сопственикот на „Линк Медиа Плус“, Ѓорѓи Вуков се јавува во сопственичтвото и на фирмата „Хрисинг Лутарико“. Како трет сопственик во „Хрисинг Лутарико“ пак се јавува фирмата „Лутарико“, каде сопственици се пак Ѓорѓи Вуков и Момир Симиќ. „Лутарико“ се јавува и во сопственичтво на фирмата „Вел Сити Груп“ од Велес. Што значи, покрај на „Линк Медиа Плус“, Вуков е во сопственичтвото и на три други фирми од градежниот бизнис. Покрај државните бизниси, фирмите каде и тој е дел од сопственичката структура граделе и станови, од кои, пак, добар дел се во општина Карпош. А токму фирмите „Линк Медиа Плус“ и „Лутарико“ на големо ја опслужувале Општината Карпош во времето на поранешниот градоначалник Стевчо Јакимовски. Податоците на Бирото за јавни набавки покажуваат дека во последните години од мандатот на Јакимовски со овие две фирми биле потпишувани договори ден преку ден, а имало и по два договори потпишани во ист ден. Така, во периодот од 2014 до 2016 година, општина Карпош со „Линк Медиа Плус“ потпишала 27 договори тешки над 1,3 милион евра, а со „Лутарико“ само од април до август 2016 година, Јакимовски склучил 6 тендери тешки 1,1 милион евра.

Број на оглас	Договорен орган	Предмет на договорот	Вид на договор	Вид на постапка	Датум на договор	Носител на набавката	Процената вредност без ДДВ	Вредност на договорот	Датум на објава	Склучени договори
184/2016	Општина Карпош	Изградба на фонтана на плоштад Пецо Божиновски Кочо	Работи	Отворена постапка	03.08.2016	Друштво за градежништво, промет и услуги ЛУТАРИКО ДОО увоз-извоз Скопје	12.300.000,00ден.	13.756.704,00ден.	27.09.2016	Прикажи
167/2016	Општина Карпош	Изградба на плоштад Карпош 4 (градежен дел)	Работи	Отворена постапка	26.07.2016	Друштво за градежништво, промет и услуги ЛУТАРИКО ДОО увоз-извоз Скопје	16.101.694,00ден.	18.909.610,00ден.	09.08.2016	Прикажи
90/2016	Општина Карпош	Изградба на плоштад Пецо Божиновски Кочо	Работи	Отворена постапка	04.05.2016	Друштво за градежништво, промет и услуги ЛУТАРИКО ДОО увоз-извоз Скопје	29.162.642,00ден.	24.744.600,00ден.	09.06.2016	Прикажи
63/2016	Општина Карпош	Реконструкција и санација на скалила во Порта Влае	Работи	Отворена постапка	13.04.2016	Друштво за градежништво, промет и услуги ЛУТАРИКО ДОО увоз-извоз Скопје	5.762.711,00ден.	4.210.797,00ден.	09.06.2016	Прикажи

„Линк Медиа Плус“ за Карпош се грижела за цветните насади, па само за обнова на цветен расад на булеварот „Партизански одреди“ Општината Карпош во 2015 година и платила 146.000 евра, а во 2014 година за хортикултурно уредување на истиот булевар и платила 150.000 евра. Во 2016 година за обнова на цветен расад на „Партизански одреди“ се потрошени 122.000 евра, што значи дека за три години зеленилото и цвеќињата на овој булеварот ги чинеле жителите на Карпош неверојатни 418.000 евра. Инаку, булеварот „Партизански одреди“ е во надлежност на Град Скопје, кој за цвеќиња и јавно зеленило има свое јавно претпријатие „Паркови и зеленило“. Општина Карпош, во времето на

This project is funded
by the European Union

Јакимовски, на „Линк Медиа Плус“ и плаќала и за одржување на автоматскиот систем за наводнување, како и за хортикултурно уредување на други плоштади. Така, за реконструкција на тротоари на улицата „Франце Прешерн“, на компанијата, во 2016 година и се платени 222.000 евра. Општината имала бизнис и со другата фирма на Вуков, „Лутарико“. Нлиа пример, го градела плоштадот Пецо Божиновски Кочо спроти студентскиот дом „Гоце Делчев“ и фонтаната на него, за што добила 626.000 евра, и поставила урбана опрема на истиот плоштад за 114.000 евра. За изградбата на плоштадот во Карпош 4 и се платени 305.000 евра, а за реконструкција на скалилата во Порта Влае 68.000 евра. „Лутарико“ градела и сквер во Нерези и друго.

РАМКА: **Кривични пријави против екс-градоначалникот Јакимовски за сомнителни тендери**

Од Управата за финансиска полиција велат дека во текот на 2018 година правните лица „Линк Медиа Плус“ и „Лутарико“ се јавуваат во нивните постапки, но не како пријавени.
- Во текот на 2018 година правното лице Лутарико ДОО Скопје се јавува како дел од наша истрага но не како пријавен, туку само како подизведувач ангажиран од страна на изведувачот Метал Ват Ел ДООЕЛ Скопје кој добил на тендер за изведување на градежни работи за изградба на ,,Мултифункционален детски комплекс - Пиратска долина“ на плоштад Пецо Божиновски Кочо. Правното лице „Лутарико“ ДООЕЛ, исто така, во 2018 година добива тендер за изградба на плоштадот Пецо Божиновски-Кочо како најповолен понудувач, иако тој момент е причина за поднесената кривична пријава поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,Злоупотреба на службена положба и овластување чл.353 ст.5, и Несовесно работење член 353-в ст.1“ против Градоначалникот на Општина Карпош кој заедно со Претседателот на комисијата за јавни набавки и двајца членови на комисијата постапиле спротивно на одредбите на законот за јавни набавки и при јавната набавка е овозможено намалување на конкуренцијата и со исклучување на останатите економски оператори од понатамошната фаза на постапката е направен изборот. Во последниот случај каде се јавува правното лице „Линк Медиа Плус ДООЕЛ Скопје“, е добиен тендер за ,,Обнова на цветен расад на жардињери“ за што исто така е поднесена кривична пријава против Градоначалникот на Општина Карпош кој заедно со Раководител на сектор за јавни набавки постапиле спротивно на законот за јавни набавки каде склучиле договор без доставена банкарска гаранција. Во овие неколку случаи од 2018 година правните лица кои се посочени од Ваша страна не се пријавени лица - велат од Управата за финансиска полиција.

Обвинителството покрена истрага против Јакимовски и токму за дел од овие набавки за кои алармираше Финансиската полиција, а како мерка на претпазливост на Јакимовски му е одреден куќен притвор.

This project is funded
by the European Union

Оваа истражувачка сторија е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

This project is funded
by the European Union